**Ј.З.У. ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ**
**ISHP QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK - SHKUP**

ул. 3-та Македонска бригада бр.18 Скопје, тел. 02/3298 667, факс 02/3298 251, www.cph.mk
rr. Brigada e 3-të Maqedonase nr. 18 , Shkup tel. 02/3298 667, faks 02/3298 251, www.cph.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА, ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ЦЈЗ-СКОПЈЕ, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА

Одделението за социјална медицина при ЈЗУ Центар за јавно здравје (ЦЈЗ) - Скопје на територијата на Скопскиот регион, кој според Државниот завод за статистика на Република С. Македонија на крајот од 2020 година броел 634 251 жител, во текот на 2021 година ги реализира следните програмски задачи и активности во доменот на Социјално-медицинската дејност со здравствена статистика и промоција на здравјето, а во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје во Република С. Македонија за 2021 година:

I. Во Одделението за социјална медицина при ЦЈЗ-Скопје од здравствените установи на територијата на Центарот за јавно здравје се прибрани, контролирани и компјутерски обработени збирни и индивидуални здравствено-статистички извештаи кои се однесуваат на мрежата, организациската структура, обезбеденоста со кадар, обемот на извршената работа и утврдениот морбидитет во примарната и секундарната здравствена заштита во амбулантно-поликлиничката здравствена дејност и понатаму во болничката дејност, во секундарната и терциерната здравствена заштита, вклучувајќи го и болничкиот морталитет.

Заради давање на стручно-методолошка помош од областа на здравствената статистика и информатика, во текот на 2021 година континуирано се вршени електронски комуникации и теренски посети во здравствените установи на територијата на Центарот за јавно здравје Скопје по индикација и непрекинато е спроведувана едукација во објектот и on line во и од Центарот при прием на извештаите.

II. Изготвени и доставени во предвидениот рок според Националната годишна програма за јавно здравје за 2021 година во печатена форма до ЈЗУ Институт за јавно здравје (ИЈЗ) на РСМ и постирани на сајтот на ЈЗУ ЦЈЗ-Скопје се следните извештаи, анализи, информации:

## 1. Анализа за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи на територијата на ЦЈЗ-Скопје во периодот од 2020 година

Анализата изготвена со годишна динамика ја прикажува мрежата на болничките капацитети според видот, нивната организациона структура и нивниот постелен капацитет. Во Анализата, преку избрани индикатори е отсликана секоја болничка здравствена установа посебно. Анализата потврдува дека на територијата на Скопскиот регион постои мрежа на болнички здравствени установи од видот на: универзитетски клиники, клинички болници, специјализирани болници, институт и општи болници. Во 2020 година, 102 611 лица биле лекувани во болничките одделенија на скопските болници, вклучително и престој во болница поради породување и хоспитализација за рехабилитација и палијативна нега. Од нив, 13 303 пациенти биле третирани во приватните болници и 89 308 во јавните здравствени установи. Хоспитализираните пациенти оствариле вкупно 864 032 болнички денови. Просечната должина на лекување била 8,42 дена. Ангажирани биле вкупно 1365 лекари, од кои 1088 биле специјалисти. Регистрирани се вкупно 4686 болнички кревети за 2020 година. Бројот на болнички кревети на 100 000 жители кој како индикатор според ЕУРОСТАТ се пресметува како вкупен број на кревети кои редовно се одржуваат и веднаш се достапни за нега на примени пациенти, за Скопскиот регион за 2020 година изнесува 225,69 кревети на 100 000 жители. Во 2020 година по препорака на Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување, некои болнички капацитети беа пренаменети во Ковид центри (ГОБ 8 - ми Септември, УК за инфективни болести и фебрилни состојби, УК за пластична и реконструктивна хирургија, Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле, УК за дерматовенерологија, УК за оториноларингологија, УК за гастроентерохепатологија, УК за очни болести, Институт за белодробни заболувања и ТБЦ, УК за неврологија, УК за нефрологија, УК за кардиологија и УК за гинекологија и акушерство). Од приватните капацитети пренамена имаше во ПЗУ Клиничка болница Систина и ПЗУ Клиничка болница Жан Митрев). Ваквата пренамена беше направена во различен период од годината.

## 2. Информација за болест или состојба по избор на секој Центар, во зависност од актуелноста, односно застапеноста во регионот: Информација за состојбата со дијабет за населението од Скопскиот регион во текот на 2020 година

Во подготовка на Информацијата користени се: индивидуални пријави добиени електронски преку Националниот систем за електронски евиденции 'Мој термин'. Од направената анализа на обработените податоци во оваа Информација следува дека во Скопскиот регион се регистрирани вкупно 14 132 дијабетичари за 2020 година. Во однос на половата дистрибуција, дијабетот како заболување лесно предоминира кај женскиот пол (за 10%) во однос на машката популација. Најголем процент има во старосната група од 65-69

години (мажи-7,57% жени-10,25 %). Во возрасната група од 0-6 години има 5 случаи на регистриран дијабет. Најчест коморбидитет на регистрираните болни со дијабет тип 2 во Скопскиот регион за 2020 година е : есенцијална (примарна) хипертензија (I10) - 84,98%. Следуваат групата на заболувања на липопротеинскиот метаболизам и други липидемии (Е78 ) -11,28% и друга хипотиреоза (Е03)- 3,73%. Најчестите компликации од дијабет тип 2 се: периферните циркулаторни компликации – Е11.5 (40,2%). Потоа следуваат Е11.6 – други означени компликации или несоодветно регулиран дијабет (32,4%) и Е11.3 – офталмолошки компликации (27,3%). Покрај напредокот, постои голема некоординираност во пријавувањето на дијабетот во примарната здравствена заштита од една страна и секундарното и терциерно здравство од друга страна. Квалитетот на кодирање на дијагнозите сеуште не е на високо ниво.

**3. Публикација: Збирен извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2020 година**

Во установите кои спроведуваат здравствена дејност на подрачјето на Скопскиот регион во 2020 година биле вработени вкупно 13 927 лица. Од нив 69,05% биле здравствени работници. Здравствените соработници учествувале со индекс од 9,35%. Останати работници, т.е административно-финансиски работници, технички работници и хигиеничари, биле 21,60% од вкупниот број на вработени во здравствениот сектор на подрачјето на Скопскиот регион. Во болничката дејност на подрачјето на Скопскиот регион, работеле 49,4% од вкупниот број на вработени во здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност, 61,6% биле здравствени работници, 11,3% здравствени соработници и 27,1% останати работници во здравството. Бројот на вработени во амбулантно-поликлиничката дејност, во ПЗЗ, учествува со индекс од 12,3% во структурата на вкупно вработените во здравствената дејност на Скопскиот регион. Од нив, 87,4% се здравствени работници, 1,0% здравствени соработници и 11,6% останати работници во здравството. На специјалистичко-консултативната дејност - во болниците на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат 8,3% од вкупно вработените. Од нив 84,4% биле здравствени работници, 9,5% здравствени соработници и 6,1% останати работници во здравството. На специјалистичко-консултативната дејност - вон болниците на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат 16,3% од вкупно вработените. Од нив, 73,9% биле здравствени работници, 7,8% здравствени соработници и 18,3% останати работници во здравството. На фармацевтската дејност и припаѓаат 7,2% од вкупно вработените, од нив 98,9% се здравствените работници, 0,3% здравствените соработници и 0,8% се останати работници во фармацевтската дејност на подрачјето на Скопскиот регион. На останатите здравствени дејности им припаѓаат 6,5% од вкупно вработените во здравството на подрачјето на Скопскиот регион. Од нив 39,3% се здравствени работници и 19,2% се здравствени соработници и останати се 41,5%.

## 4. Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во 2020 година за жителите од Скопскиот регион

ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во 2020 година го понесе најголемиот товар на пандемијата со КОВИД -19 со вкупно 1909 хоспитализирани пациенти кодирани според МКБ 10 (B34.2) : Коронавирусна инфекција со вкупно 24 576 болнички денови. Просечното траење на лекување е 12,87 дена при што хоспитализацијата е почеста кај машкиот пол, двојно повеќе. Околу 54,5% од пациентите се од Скопскиот Регион. ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември ги пренамени своите капацитети со цел да одговори на големиот број Ковид - болни. Вкупно во сите одделенија направен е прием на 1098 пациенти со овој морбидитет, од кои 777 (70,76%) се скопски жители. Во Институт за белодробни заболувања кај децата покрај заболените со Ковид - 19, (вкупно 255 во стационар и 76 во дневна болница) во 2020 година хоспитализирани се 145 деца со хронични долнореспираторни болести (J40- J47) со просечно лекување на болните 11,8 дена. ЈЗУ Свети Наум Охридски превзеде голем удел во хируршките интервенции на хроничните болни и ургентните состојби. Согласно состојбите, болничките одделенија се реорганизирани со цел да одговорат на поголемиот наплив на пациенти. Најчеста причина за хоспитализација се блокот на хернии (K40-K46) со вкупно 375 пациенти, потоа малигни неоплазми на дигестивните органи со вкупно 136 хоспитализирани болни, од кои нешто почести кај мажите (58%). Поради меланом и други малигни заболувања на кожата регистрирани се 96 пациенти, од кои 68,8% се од машки пол. Предоминација кај мажите (67% ) има и на Одделението за Неврохирургија поради (S00-S09) повреди на главата – вкупно 91 пациент. Во 2020 година, на Клиниката за детски болести најчест болнички морбидитет се заболувањата на другите ендокрини жлезди (E20-E35) кај вкупно 643 деца, поизразени кај девојчињата – 410 (63,8%). Малигните неоплазми на лимфното, хематопоетичкото и сродно ткиво (C81-C96) се водечка причина за хоспитализација во Клиниката за Хематологија - вкупно 418, почесто застапени кај машкиот пол (60,3%),со просечно траење на лекување 16,6 дена. Поради истата патологија, Дневната болница на Клиниката регистрира вкупно 2968 болни од кои 1254 (42,3%) се од Скопје. ПЗУ Клиничка Болница" ЖАН МИТРЕВ" во 2020 година регистрира вкупно 283 хоспитализации поради Ковид- 19, од кои се 87 пациенти (30,74%) се од Скопски регион. Поради истиот морбидитет, во Клиничка Болница "Систина" направен е болнички прием на 281 пациент. Во одделенијата на скопските болници регистрирани се вкупно 2282 умрени пациенти од хоспитализираните, од кои, 1407 (61,65%) се од машки, а 875 (38,34%) се од женски пол. Со оглед на тоа што во 2020 година хоспитализирани се 102 611 пациенти, леталитетот кај хоспиталзираните е 2,22 %. Во однос на групите на болести според МКБ 10, смртноста е најчеста во групата на одредени инфективни и паразитски болести. Разбирливо поради тоа што во оваа група се наоѓа Ковид - 19 со вкупно 810 починати пациенти. Од нив 552 (68,1) се мажи, а 258 (31,85) лица се од женски пол. Според старосната структура најмногу починати од оваа група на болести има од 70-79 години (180), од 65-69 години (145), од 60-64 години (142).

## 5. Анализа на утврдениот морбидитет во амбулантно - поликлиничката дејност на подрачјето на Скопје за 2018-2020 година

Примарната здравствена заштита претставува прво, основно ниво на системот на здравствената заштита. Во установите од примарната здравствена заштита започнува и завршува лекувањето на пациентот без оглед на тоа каде поминува низ другите нивоа – прегледи, испитувања, основни или софистицирани снимања, лабораториски услуги, консултативни прегледи и со сите наоди се враќа кај матичниот лекар. Иако понекогаш се случува да се прескокне овој редослед, сепак најголем дел од пациентите го следат овој пат. Здравствените установи кои обезбедуваат првична здравствена услуга за било кој вид заболување преку матичните лекари долго, со години ја следат здравствената состојба на своите пациенти, а често тие се фамилијарни лекари на целото семејтво. Поради сите овие причини представува многу важен сегмент во здравствениот систем. Оваа година имаме драстичен пад на посетите кај лекар во службата здравствена заштита на возрасни кои од 3 073 265 вкупно посети кај лекар во 2019 година опаднале на 1 609 070 посети или се намалиле за 52%, па и бројот на регистрирани заболувања во 2020 е драстично намален, иако бројот на примени извештаи не е значајно намален. Во дејноста општа медицина, сите овие години на прво место се болестите на циркулаторниот систем. Најчесто утврдено заболување во анализираниот период во групата на болести на циркулаторниот систем е категоријата есенцијалната хипертензија со речиси двојна предоминација на жените. Малите деца од 0-6 години и во 2018 - 2020 година најмногу боледувале од заболувања на респираторниот систем. Најчесто поединечно заболување внатре во оваа категорија болести е акутниот фарингит и тонзилит, како половина од сите регистрирани респираторни заболувања, а најзасегната возрасна група е 1- 4 години, подеднакво кај машките и женските деца. Во Скопје во 2020 година се регистрирани 36164 заболени од Ковид - 19. Првиот импортиран случај е регистриран на 26. 02. 2020 година. Кумулативната инциденца изнесува 5855,1 на 100 000 и највисок број на заболени на дневно ниво е регистриран на 17. 11. 2020. Стапката на смртност изнесува 350,8 на 100 000 жители.

## 6. Информација за вулнерабилна група по избор на секој Центар, во зависност од актуелноста, односно застапеноста во регионот: Информација за старите лица од Скопскиот регион за 2020 година

Според Светската Здравствена Организација (СЗО/WHO), секој човек треба да има можност да живее здрав и долг живот. Сепак, средината во која живееме може да делува позитивно, но и негативно на здравјето. Средината може да влијае на однесувањето, и на изложеноста на ризици (загадување, насилство), како и на пристапот кон здравствената заштита и социјалната заштита, како основни фактори. Лицата на возраст над 60 години спаѓаат во категоријата на стари лица. Популацијата на старите лица, според СЗО, е во постојан пораст. Во 2019 година, бројот на стари лица изнесувал околу 1 000

000 000. Предвидено е дека бројот на стари лица ќе порасне над 1 400 000 000 до 2030 година, односно околу 2 100 000 000 до 2050 година. Ваквиот пораст е посебно изразен во земјите во развој. Во периодот од 2010 до 2020 година постои тенденција на зголемување на бројот на стари лица кај двата пола, со акцент на женското население. Старите лица во Скопскиот регион во 2020 година најмногу боледувале од I00-I99 (кардиоваскуларни заболувања) со стпка од 854,9‰, како и од ендокринолошки заболувања со стапка од 376,1/1000 жители во дејноста по општа медицина од амбулантно – поликлиничката заштита. Најчеста патологија во стоматолошка дејност кај старите лица од Скопскиот регион во 2020 година се однесува на - Други заболувања на забите – анондонција или беззабост, а потоа следува К02. (дентален кариес), како и К04. (болести на пулпата и периапикалните ткива). Најголемиот дел од заболувањата при женската популација кај старите лица во Скопскиот регион во 2020 година отпаѓаат на болести на урогенитален тракт со стапка од 25 ‰ и малигните заболувања со стапка од 3,9‰. Во болничката здравствена заштита во Скопскиот регион во 2020 година старите лица над 65 години најчесто се лекувале од Болести на циркулаторниот систем (25,4%) и Неоплазмите со 24,8% во однос на вкупно лекувании стари лица. Просечното траење на болничко лекување за старите лица од Скопскиот регион за 2020 година изнесува околу 15 денови.

## 7. АНАЛИЗА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН СПОРЕД ОДБРАНИ ИНДИКАТОРИ ЗА 2020 ГОДИНА

Согледувајќи ја стапката на смртност на доенчиња од 2005 година до 2020 година на национално и на ниво на Скопски регион се констатира намалување на истата, односно во 2005 година на ниво на РСМ изснесува 12.8, а во 2020 5.7 на 1000 жители. Додека пак во Скопскиот регион во 2005 година изнсува 14.3 промили, а во 2020 година 5.6 промили. Бројот на живородени во 2018 година изнесува 8020 деца, додека за 2019 година истиот изнесува 7559, а за 2020 година 7384 живородени деца. Вкупната стапка на фертилитет за 2018 година изнесува 1,8 на 1000 жители, за 2019 година изнесува 1,8 промили, а за 2020 година изнесува 1.7 промили на 1000 жители. Вкупниот број на умрени лица во Скопскиот регион за 2020 година изнесува 7348 лица или 28% од вкупно умрените во Република Северна Македонија. Општата стапка на морталитет е 11,6 промили. На првата позиција како причина за смрт биле болестите на циркулаторниот систем ( I00- I99) со вкупен број од 2719 умрени лица или 37% во структурата на вкупно умрените лица во Скопскиот регион. На второ место биле малигните заболувања (C00-D48) со умрени 1353 лица или 17% во структурата на вкупно умрените во Скопскиот регион. Третото место отпаѓа на симптоми, знаци и ненормални клинички наоди, некласифицирани на друго место (R00-R99) и бројот на умрени од оваа категорија изнесува 632 лица или 14% во структурата на вкупно умрените во Скопскиот регион. Населението во Скопскиот регион старее и во наредниот период треба да очекуваме пораст на хроничните незаразни болести. Со анализа на

утврдениот морбидитет во примарната здравствена заштита во текот на 2020 година кај населението генерално се наоѓаат болестите на респираторниот и циркулаторниот систем. Во болничката здравствена заштита доминираат малигните болести и болестите на циркулаторниот систем. Високото рангирање на овие болести во морбидитетот на населението од Скопскиот регион, укажува на сериозноста на овој здравствен проблем, кој очекуваме и понатаму да остане еден од приоритетните јавно-здравствени проблеми.

## 8. ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН 2020 ГОДИНА

Поради Пандемијата со вирусот Covid -19, едукативните активности се спроведуваа on line во 2020 година, бидејќи установите во кои спроведувавме активности, беа затворени од Владата на РСМ, поради превентивни карантински мерки за заштита на здравјето на учениците. Едукациите се спроведуваа согласно Планот за работа на ЦЈЗС и Националната годишна програма за јавно здравје за 2021 година во основните училишта, средните училишта, во установи за згрижување на мали деца од 1 - 6 години и во установите за згрижување на стари лица. Исто така, беа спроведени едукативни активности и по барање на установите во координација со општините на градот Скопје. За таа цел се спроведуваше здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, индивидуални и групни едукации на населението. Па така, беа испратени предавања во 13 основни училишта со подрачните единици, 13 средни училишта, три детски градинки и двеустанови за згрижување на стари лица. Поради пандемијата Covid – 19, беа спроведени едукативни обуки на здравствените работници во ЦЈЗС на тема: Превенција и заштита на населението од Пандемијата Covid – 19, поради вклучување на наш здравствен кадар во активностите на Одделението за епидемиологија при ЦЈЗС, едукација на вработени за земање на брис на терен во одредени пунктови на подрачјето на Скопје, едукација за мерење на базална температура на патниците кои доаѓаат на Аеродромот во Скопје, како и активности во креирање на упати на Пациенти со Covid -19, одредување на изолација итн. Односно континуирана соработка со ,,Мој термин" при Министерството за здравство и со матичните доктори. Начелно, во Скопскиот регион едукациите во Основните училишта беа реализирани со 132 предавања, со опфат на 5971 ученик. На подрачјето на Скопскиот регоин, во средните училишта беа одржани 336 предавања со опфат на 8041 ученик. Во предучилишните Установи за згрижување на мали деца од една до шест години беа опфатени 646 деца со одржани 47 едукации. Беше одржано 2 предавања со опфат на 30 стари лица во два старски дома.

Раководител
Доц. прим. д-р Валентина Симоновска